**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**MACEDONIAN DENTAL CHAMBER**

Anton Popov No. 1-4/5 Skopje
Republic of North Macedonia
(02) 3246 851/852
www.skm.mk

Бр. 02-198/2
12.02.2020

# ИЗВЕШТАЈ

од **единаесетата седница** на Извршниот одбор на СКМ одржана **на ден 18.12.2019 година** во просториите на Стоматолошка комора на Македонија

На **единаесетата седница** на Извршниот одбор на СКМ, **присуствуваа 14 членови**.

На седницата **оправдано беше отсутен д-р Кенан Ферати**.

На седницата присуствуваше и претседателот на **Надзорниот одбор на СКМ д-р Ѓорѓи Топузоски.**

Седницата започна во **13.30 часот**, а истата ја отвори претседателот на Извршниот одбор на СКМ д-р Мирлинд Селими со читање на предлог-дневниот ред.

Предложениот дневен ред, беше ставен на гласање, при што истиот беше едногласно усвоен и стана дневен ред со следниве точки

**ДНЕВЕН РЕД**

1. **Разгледување и усвојување на записник од 10-та седница на Извршниот одбор одржан на ден 20.11.2019 година**

2. **Активности на комората во изминатиот период**

3. **Разно**

По усвојувањето на дневниот ред, се премина кон разгледување на секоја од точките на дневниот ред.

**1. Разгледување и усвојување на записник од 10-та седница на Извршниот одбор одржан на ден 20.11.2019 година**

По однос на записникот од претходната седница на Извршниот одбор, **д-р Чемерска Попова** со забелешка за записникот, конкретно за точка 4, став еден, каде што нагласи дека згрешено е името на едниот од тројцата доктори кои дале предлози на седницата на **Комисијата за секундарна здравствена заштита.** Д-р Чемерска Попова нагласи дека треба да стои името на **д-р Мери Шапуриќ** наместо **проф. Пеева**.

Записникот едногласно беше усвоен со измена и дополнување со забелешката на д-р Чемерска.

**2. Активности на комората во изминатиот период**

По однос на оваа точка, збор зеде **претседателот на Стоматолошката комора на Македонија, д-р Маријан Денковски,** кој објасни дека сегашното изданије на списанието на Комората-VOX Dentarii иако изготвено, сеуште не е затворен бројот, имајќи во предвид дека има битни промени за измени на Закон за здравствена заштита кои се во Собранието на Р.С.Македонија и дека тие промени се однесуваат на барањата на СКМ.

Д-р Денковски ги информираше присутните дека на дневен ред на 122-та седница на Собранието на Р.С.Македнија е ставена измена на член 145-в од Закон за здравствена заштита (333) и комплетно на наше барање ќе се пристапи кон менување, односно бришење на овој член, со кој е предвидена задолжителната едукација и објавување трудови во странство за специјалистите. Освен барањето на СКМ за измена на тој член 145-в, исто така и заедничкото барање на трите комори, стоматолошката, лекарската и фармацевтската комора во врска со стручните испити се поминати на Комисијата за здравство во Собранието на РСМ.

Како заклучок на сето ова, д-р Денковски објасни дека тие точки се на дневен ред на Собранието на Р.С.Македонија и дека е можно во многу скоро време, дури и во текот на денешниот ден, да се усвојат во Собранието.

Како новитет, **д-р Денковски** ја презентираше и веста дека за првпат на барање на Стоматолошката комора на Македонија се воведува **Листа на здравствени услуги што можат да се вршат во ординација по Болести на уста и пародонтот на секундарно ниво.**

Исто така, информираше и дека до крајот на годината за првпат ќе се воведе за првпат и **Листа на здравствени услуги за специјалноста Ендодонција и реставративна стоматологија.**

Д-р Денковски ги информираше и дека на барање на Комората се изврши и дополнувања на **Листа на здравствени услуги што можат да се вршат во ординација по Болести на забите и ендодонтот на секундарно ниво**.

Во контекст на новости и промените во здравството, се надоврза **д-р Касапи** со прашање упатено до претседателот на СКМ, д-р Денковски, кој сакаше да знае дали Комората има некаков став во врска со забните хигиеничари што завршуваат три годишни студии, а кои државата ги привлекува со студии, меѓутоа за возврат не добиваат ништо, туку се третираат како забните техничари кои се со средно образование. Д-р Касапи, загрижен за иднината на тие млади луѓе што завршуваат ваков тип на студии, бараше да се разгледа можноста да им се помогне. Д-р Касапи истакна дека во развиените држави овој вид на студии се на повисоко ниво, и дека не е фер државата да им даде можност да студираат и да им ветува дека кога ќе дипломираат ќе работат со пациенти, за на крај да завршат на улица! Д-р Касапи, истотака кажа дека воопшто нема логика тоа што забните хигиеничари не можеме да ги пријавиме ниту како сестри без положен државен испит за забни техничари или сестри! Во врска со оваа проблематика, **д-р Денковски** објасни дека тие деца што завршуваат три (3) годишни студии-не се всушност ни доктори, затоашто не се со високо образование, но не се ни сестри со 4 годишно средно образование. Како заклучок на ова, тој забните хигиеничари ги постави помеѓу овие две работи и објасни дека тие сепак спаѓаат во групата со забните техничари и сестри, за што имаат и своја посебна Комора. Понатаму, д-р Денковски, објасни дека оваа комора на здравствените работници почнала со работа во 2018 година и дека ниту во текот на 2019 година сеуште не почнале со издавање на лиценци и сеуште немаат ни Регистер на здравствените работници , така да Стоматолошка комора нема никаква ингеренција ни врз нив ниту може да реагира за било што поврзано со нивниот статус. **Д-р Денковски,** информираше дека од здружение на сестри има барање за состанок со Комората -Здружение за медицинските сестри, за кој верува ќе се одржи наскоро и дека со текот на времето ќе видиме како ќе течат работите. После една кратка дискусија, **д-р Денковски** и **д-р Касапи** заеднички се согласија да се даде предлог за решавање на проблемов со тоа што на младите ќе им се даде шанса да ги произнесат своите проблеми и да се презентираат до надлежните. **Д-р Денковски**, објасни дека од Министерството за образование треба да им објаснат на Минстерството за здравство за потребата на кадарот, за да се прецизира местото на дентални асистенти во здравството и потребата од истите и што поскоро

повторно да се отвори средното школо за дентални асистенти. **Д-р Чемерска Попова** со предлог да се додаде стоматолошкиот преглед како дел од систематскиот преглед кој законски работодавачот е обврзан да му плати на работникот еднаш на две години минимум. Д-р Чемерска сметаше дека забниот камен треба да се чисти како неопходно и со елементарниот пакет, односно наместо 800 денари да платат уште 200 денари плус за стоматолошкиот преглед. **Д-р Касапи** и **д-р Гагалески,** во контекст на овој предлог информираа дека тоа е веќе побарано одамна, но дека ФЗО не дава зелено светло на ова барање. **Д-р Денковски,** повторно се наврати на темата за проблемот со денталните асистенти и во овој контекст присутните ги извести дека е во контакт со школо за прекфалификација на средношколски здравствен кадар во Хрватска . Д-р Денковски, објасни дека разговарано е со директорот на тоа школо кое функционира во Хрватска, во петокот во Загреб и дека се очекува да стигне материјал од нив за можностите за имплементација на истата платформа кај нас. Д-р Денковски истакна дека тие ја понудиле својата платформа, својот модел, да го дадат и сето тоа де се имплементира кај нас, со тоа што се согласни и онлајн предавањата (од Велика Британија) да може да се применуваат кај нас . Во врска со дипломите што би ги добиле на крајот на тоа школо, д-р Денковски, нагласи дека би биле важечки насекаде во светот. Понатаму, докторот објасни дека ова школо прави секаков вид на прекфалификицаија на секој средношколски здравствен кадар-медицинска сестра, забни техничари и др. и дека затоа се потребни се 18 месеци, но дека за прекфалификација од медицинска сестра во дентален асистент се потребни 6 месеци. Д-р Денковски кажа за плановите во врска со оваа и дека е во тек комуникација со Министерство за образование, агенција за акредитација на образовни институции и Министерство за здравство за да се видат законските можности за оваа активност. Д-р Денковски нагласи дека засега има само една приватна школа која се занимава со таков профил на преквалификации на кадар кај нас, а истотака кажа дека има и заинтересирана групација која сака да влезе во тој бизнис и дека се очекува во текот на 2020 година да се види што ќе се случи сотој процес.

Следно, присутните ги информираше **д-р Денковски** за состанокот помеѓу правниците од Министерството за здравство и Комората. Како што објасни д-р Денковски, тема за разговор биле две теми:

1.признавање на дејностите кои досега не беа препознавани како специјалности од страна на министерство , и тоа Болести на ендодонт и реставративна стоматологија и можеби уште поважно специјалнста Болести на уста и пародонт со листи на услуги за истите . што во меѓувреме се заврши и министерот ФДилипче ги потпиша измените

2.основната тема беше поседувањето на две лиценци истовремено, односно дали може да дадеме на секој доктор што завршува специјализација освен општата лиценца што ја поседува во моментот, да му се издаде и специјалистичка лиценца без да ја врати општата лиценца.

Д-р Денковски објасни дека се соочивме со некои дилеми кога се појави проблем при обновувањето на лиценцата на д-р Георгина Петрушевска, која се ослонуваше на официјален допис од 19.08.2016 година од Министерството за здравство, каде што дадено е мислење од нив во прилог на докторката, односно дека има право да подигне специјалистичка лиценца без претходно да ја врати општата. Контрадикторно на овој допис беше реченицата на крај на дописот, дека истиот нема правна сила на толкување на закон и не може да претставува основа за негово користење или потреба како доказ пред суд или други органи или институции за остварување на одредени права во корист на подносителот, па затоа е доведено под знак прашање овој допис !

Д-р Денковски објасни дека, сепак дојдовме до една позиција да расчистиме со тоа дали има или нема законска пречка за поседување на две лиценци истовремено, но дека толкувањето на правниците од Министерство кое го немаме написмено е дека не може докторите да поседуваат две лиценци, и општа и специјалистичка истовремено! Тој исто така посочи и на еден нов момент , а тоа е можностите на користење на договор за дело со ПЗУ при процес на докажување на работење во дејност, односно докажување на 60% од работење во лиценцниот период ,уште повеќе што во конкретниот случај се работи за дополнителна работа. За наведеното е започната постапка и веројатно наскоро ќе има повеќе информации. Понатаму, д-р Денковски кажа дека се договориле во најскоро време да се реши во врска со овие ситуации , односно да се заземе конечен став или да се предложат други варијанти.

Следно што ги иноримраше д-р Денковски присутните, беше и за пресот организаран за специјалистите по разни области, каде беа поканети нивните претставници, како и за одржаната

средба помеѓу двајца директори на ФЗО - Ден Дончев и Орхан Рамадани и претставници на здруженијата на која се договориле сите специјалистички здруженија да ги подготват материјалите и да се формираат работните групи запромена на Правилникот во Фондот по што ќе се организираат понатамошни состаноци. Д-р Денковски ги информираше колегите дека, имајќи предвид дека сме при завршување на годината, работните групи не се формирале сеуште зашто смета дека треба повторно да се свика состанок со сите специјалисти од сите области после 10-ти јануари и да им се даде простор на самите специјалисти да се договорат за нивните барања за да после тоа можат да преговараат за Правилниците вО ФЗО. **Д-р Фисник Касапи** изјави дека досега Комората не била толку успешна во своите преговори и дека во минатото немало организирано вакви состаноци. Тој изјави дека е многу задоволен што никогаш како досега не биле респектирани . По изјавата на **д-р Касапи**, **д-р Гагалески** истакна дека и во во времето кога проф. Накова била претседател на СКМ, исто така имало успешна соработка со институциитеза што имашр и мала дискусија околу таа успешност и ефектите од успешноста . **Д-р Денковски**, со гордост, изјави дека Комората конечно ја игра својата улога на решавање на проблемите, и им помага на своите колеги да им се даде шанса за пристап до институциите и да им се даде простор и да се излегува во пресрет на нивните барања . Како пример го даде проблемот со специјализантите од стоматологија со кои не биле предвидени во плановите на министерство и за нив да се определи буџет за надомест додека специјализираат . По барање на специјализантите тој разговарал со нивните претставници по што побарал средба со министерот Филипче. Средбата се одржала наредниот ден и на неа бил постигнат договор за изедначување на нашите специјализанти со останатите и со договор ќе добиваат плата од февруаро 2020.

Од меѓународниот терен, **д-р Денковски** ги информираше присутните за проблемот кој настанал во Љубљана, на К-4. Д-р Денковски**,** објасни дека по состанокот со претставниците на школото за прекфалификација, во Загреб се одржал билатералниот состанок со претседателот на Хрватската комора на која тој присуствувал заедно со членот на ИО на СКМ Др Стојановски. Тој истакна дека го побарал состанокот во насока на решавање на вештачки создадениот проблем кој го наметнал председателот на ХКДМ на состанокот на К4 во Љубљана. Тој информираше дека се сретнал со д-р Хрвоје Пезо, претседателот на Хрватската комора, при што ја цитираше неговата изјава во врска со целата ситуација што настана во Љубљана, односно дека самиот д-р Хрвоје Пезо во Загреб изјавил дека се однесувал параноично и дека од нивна страна се претерало со некои иизјави и дека всушност тој ( Др Пезо) Љубљана ја напуштил задоволен по задоволен од средбата која се одржала по состанокот со Др Ланди , претседателот на ЦЕД , со претседателот на Стоматолошката комора на Македонија, д-р Денковски, на која се објасниле сите недоразбирања , како и дека сака да ја продолжи десегашната соработка меѓу двете комори како билатерално така и во рамки на К-4 за што на крај на состанокот се потпиша и заедничка изјава која е веќе архивирана во архива на СКМ, по што подетално за истото се изјасни и Др Јордан Стојановски.

Д-р Денковски ги информираше присутните дека К4 конгресот во 2020 година ќе биде организирано кај нас. Тој истакна дека за овој важен настан, во придружба на д-р Коста Изов и д-р Кенан ферати имале состанок со Претседателот на државата, г-дин Стево Пендаровски. Како претставници на СКМ, од претседателот Пендаровски побарале да биде покровител на тој настан, за што Претседателот Пендаровски со задоволство се согласил. Д-р Денковски објасни дека не побарале парична помош, туку само настанот кој ќе биде организиран во месец октомври 2020 година да биде под негово покровителство. Д-р Денковски нагласи дека за тој настан разговарал и со претседателот на FDI I ERO на средбата во Берлин на Германските денови на стоматологија , и кои неофицијално прифатиле и на кои ќе им се упати и офцијална покана да бидат гости на настанот.

По однос на К-4 конгресите кои се организираат на секои 4 години, **д-р Јордан** Стојановски додаде дека хрватската комора предложи секој конгрес организиран од членовите на К-4 да биде брендирано со сопствено лого- конгресот да биде меѓународно за да се дигнат на повисоко ниво.

**Д-р Денковски** ги информираше присутните дека и покрај тоа што досега нема договор за К4, договор нема ни да има договор на К-4 како групен документ, бидејќи ХКДМ , однсно претседателот Пезо не прифаќа потишување на таков документ и се разгледува можност за потпишување на билатерален договор со членките на К4., посебно со словенечките и босанско херцеговачките комори бидејќи СКМ И ХКДМ веќе имаат договор од 2007 година. Д-р Денковски во врска со најавата за К-4 конгресот следната година, кажа дека следната седница на ИО подетално ќе дискутираат во врска со таа тема.

Д-р Денковски предложи дека имајќи предвид дека следната година е 25 години на Стоматолошката комора на Македонија и побара мислење од колегите, дали се согласуваат да организираат активности со помош на претставниците на РО да прошират низ цела држава, по градинки и училишта и да го направат 2о-ти март како почеток на Месецот на оралното здравје до 2о-ти април. За целта да се постигне, д-р Денковски истакна дека ќе се пратат дописи до сите факултети, друштва и здруженија да учествуваат во тие активности за обележување месецот на оралното здравје што се прифати од ИО.

Додека сме кај меѓународните активности, **д-р Мирлинд Селими**, зема збор и по однос на оваа тема истакна дека во Приштина воспоставиле контакти со претставниците на албанската комора и косовската комора. Д-р Селими објасни дека дека тој им предложил да потпишат договори за соработка со стоматолошката комора на Албанија и Косово. По однос на оваа тема, се надоврза **д-р Денковски**, кој нагласи дека договорот што е на англиски јазик потпишан и со другите комори, германската, бугарската и српската, пратен е на двете комори во Косово и Албанија и исто така нагласи дека за оваа тема го запознал и претседателот Пендаровски дека на агендата на СКМ е да се заврши и процесот на договори со косовската и албанската комора и дека и тие ке бидат истотака учесници на настанот во октомври 2020година. **Д-р Мирлинд Селими** предложи состанокот со двете комори да се одржи во Скопје. **Д-р Денковски** се согласи со предлогот на д-р Селими и кажа дека на почетокот на 2020 година ќе ги поканат на состанок двете комори за трилатерален договор за соработка. Тој нагласи дека во интерес на нашите членови е да може да циркулираат по регионот за едукација и притоа да им се признаваат бодовите и во нашата комора.

Во врска со активностите на Комората, се изјасниа и **д-р Борче Стојанов**, претседател на Комисија за примарна стоматологија и **д-р Марина Прентовска**, член на ИО, како дел од работната група во Министерство за здравство за разгледување на моделите за финансирање. **Д-р Марина Прентовска** даде информации во врска со состаноците одржани меѓу нив како претставници на СКМ, претставниците на здружението и претставниците на ФЗО и објасни дека биле дискутирани причините за промена на моделот на финансирање од здравствен аспект, правен аспект, демографски аспект и финансиски аспект. Според д-р Прентовска, иако д-р Борче Стојанов ги презентирал 5-те модели за финансирање, од страната на ЗПЗСУ е инсистирано само нивниот модел да се земе во предвид. Таа нагласи дека претставниците на Министерство на здравство и ФЗО инсистирале да најдат еден единствен заеднички модел кој ќе биде реален и прифатлив и за нас како Комора и за ФЗО. Понатаму, д-р Прентовска додаде дека претставниците на ЗПЗСУ дадоа педлог за времени преодни мерки додека да се промени моделот. Тие преодни мерки се објавени и на страната на ЗПЗСУ, иако се договоривме да нема такви објави по социјалните мрежи, по што на наша реакција претставниците на Министерството за здравство се известени и кажано е дека ќе им укажат-да ги тргнат постовите. Текстот подоле е Извештај на представниците на Комораt во работната група.

ИЗВЕСТУВАЊЕ ОД ПРЕСТАВНИЦИТЕ НА СКМ КОИ УЧЕСТВУВАА ВО РАБОТНАТА ГРУПА
ФОРМИРАНА ОД МИНИСТЕРОТ ЗА ЗДРАВСТВО ЗА РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА МОЖНОСИТЕ ЗА ПРОМЕНА НА МОДЕЛОТ НА ФИНАНСИРАЊЕ ВО ПРИМАРНА СТОМАТОЛОГИЈА

КАКО ПРЕСТАВНИЦИ ОД СКМ ВО РАБОТНАТА ГРУПА БЕА:
Д-Р БОРЧЕ СТОЈАНОВ -ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМИСИЈА ЗА ПРИМАРНА СТОМАТОЛОГИЈА
Д-Р МАРИНА ПРЕНТОВСКА -ЧЛЕН НА ИЗВРШЕН ОДБОР НА СКМ, МАТИЧЕН СТОМАТОЛОГ

РАБОТНАТА ГРУПА ОДРЖА НЕКОЛКУ СОСТАНОЦИ НА КОИ СЕ РАЗГЛЕДУВАА ПРИЧИНИТЕ ЗА ПРОМЕНА НА МОДЕЛОТ НА ФИНАНСИРАЊЕ И ТОА
-ОД ЗДРАВСТВЕН АСПЕКТ( ОД АСПЕКТ НА ПАЦИЕНТ,ОД АСПЕКТ НА СТОМАТОЛО)
-ОД ПРАВЕН АСПЕКТ
-ОД ДЕМОГРАФСКИ АСПЕКТ
-ОД ФИНАНСИСКИ АСПЕКТ

НА СЕКОЈА НАРЕДНА СРЕДБА, НАЈПРВО СЕ УСОГЛАСУВАШЕ ЗАПИСНИКОТ И ЗАКЛУЧОКОТ ОД ПРЕТХОДНАТА СРЕДБА.
КАКО ДЕЛ ОД РАБОТНАТА ГРУПА ЗА НЕКОИ АСПЕКТИ ИМАВМЕ ИСТО МИСЛЕЊЕ, ЗА НЕКОИ И СПРОТИВСТАВЕНИ МИСЛЕЊА .НО СЕПАК МОЖЕМЕ ДА КАЖЕМЕ ДЕКА СИТЕ ЧЛЕНОВИ НА РАБОТНАТА ГРУПА ЧЛЕНОВИТЕ ПРЕСТАВНИЦИТЕ ОД ЗПЗСУ;ЧЛЕНОВИТЕ ПРЕСТАВНИЦИ ОД СКМ;ЧЛЕНОВИТЕ ПРЕСТАВНИЦИ ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗДРАВСТВО И ФЗО СЕПАК СЕ СЛОЖУВАМЕ СО ТОА ДЕКА ПОСТОЕЧКИОВ МОДЕЛ ИМА НЕДОСТАТОЦИ И ТРЕБА ДА СЕ ПОДОБРИ СТАТУСОТ НА СТОМАТОЛОЗИТЕ ВООПШТО.
НА СОСТАНОКОТ БЕШЕ РАЗГЛЕДУВАН МОДЕЛОТ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА РАБОТНАТА ГРУПА ОД ЗПЗСУ ИАКО НА СРЕДБАТА КОЈА СЕ ОДРЖА НА 25.11.2019 ОД ПРЕСТАВНИЦИТЕ НА СКМ БЕШЕ ПРЕДЛОЖЕНО НА НЕКОЈА СЛЕДНА СРЕДБА ДА СЕ РАСПРАВА И ЗА ДРУГ МОДЕЛ ОДНОСНО ПЛАКАЊЕ ПО ИЗВРЧЕНА УСЛУГА БИДЕЈКИ МОДЕЛОТ НА ЗПЗСУ И НЕ Е

ЕДНИСТВЕНИОТ МОДЕЛ КОЈ ШТО СЕ РАЗГЛЕДУВАЛ НА КОМИСИЈАТА ЗА ПРИМАРНА СТОМАТОЛОГИЈА,НО ТОА НЕ СЕ СЛУЧИ.
СО ОГЛЕД ДЕКА ЧЛЕНОВИТЕ ПРЕСТАВНИЦИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗДРАВСТВО И ФЗО НА СЕКОЈА РАБОТНА СРЕДБА СУГЕРИРАА ДЕКА ТРЕБА ДА БАРАМЕ НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ КОЈ Е ИЗДРЖЛИВ И РЕАЛЕН
НА ПОСЛЕДНИОТ СОСТАНОК КОЈ СЕ ОДРЖА НА 13.12.2019 ЧЛЕНОВИТЕ НА РАБОТНАТА ГРУПА ПРЕЗЕНТИРАА МОДЕЛ КОЈ ДАЛЕКУ СЕ РАЗЛИКУВА ОД НИВНИОТ ПРВИЧЕН МОДЕЛ КОЈ ШТО ЗПЗСУ ГО ПРЕЗЕНТИРАЛ ВО НЕКОИ РЕГИОНИ КАКО НАЈАВА ЗА ПРОТЕСТОТ КОЈ ШТО ГО ИМАА ЗАКАЖАНО НА 06.11.2019.НАЈНОВИОТ МОДЕЛ КОЈ ЗПЗСУ ГО ПРЕЗЕНТИРАШЕ СЕ ЗАСНОВУВАШЕ НА НЕКОЛКУ РАБОТИ
-УКИНУВАЊЕ НА МАТИЧЕН СТОМАТОЛОГ
-УКИНУВАЊЕ НА ФИНАНСИРАЊЕ ПО КАПИТАЦИЈА
-ИСПЛАТА НА ФИКСЕН ДЕЛ ОД 90 000 НА ТИМ ДОКТОР СЕСТРА КОЈ БИ ПОКРИВАЛ САМО МИНИМАЛНА ПЛАТА НА ТИМОТ
-ИСПЛАТА НА ПРОМЕНЛИВ ДЕЛ КОЈ ЌЕ БИ ЗАВИСЕЛ ОД НАПЛАТЕНАТА ПАРТИЦИПАЦИЈА И ЗАВРШЕНАТА УСЛУГА
-ПАЦИЕНТИТЕ ДА МОЖЕ ДА ДОБИВААТ 3 УСЛУГИ ОД ПРЕТХОДНО УТВРДЕНИОТ ПАКЕТ НА ТОВАР БА ФЗО.
ДОДЕКА БИ СЕ ИМПЛЕМЕНТИРАЛ ОВОЈ МОДЕЛ ПРЕДЛОЖИЈА ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ
-ДОКТОРИТЕ СТОМАТОЛОЗИ КОИ ЗАПОЧНУВААТ СО РАБОТА И СЕ ВО МРЕЖА И ИМААТ ДОГОВОР СО ФЗО ДА ГО ДОБИЈАТ ИСТИОТ СТАТУС КАКО И ДОКТОРИТЕ ПОМ ОПШТА ПРАКСА
-ДА СЕ ВОСПОСТАВИ ИСТ ПРИНЦИП НА УТВРДУВАЊЕ НА ПОЕНИТЕ КАКО КАЈ ЛЕКАРИТЕ ПО ОПШТА ПРАКСА И ТОА
ДЕЦАТА ОД 3 ДО 8 ГОДИНИ ДА СЕ СМЕТААТ СО КОЕФИЦИЕНТ 4
ДЕЦАТА ОД 9 ДО 14 ГОД ДА СЕ СМЕТААТ СО КОЕФИЦИЕНТ 2,5
-ПРЕВЕНТИВНИТЕ ЦЕЛИ ДА СЕ ПЛАКААТ ПО ПОСЕБНА ПРОГРАМА
-ДА СЕ ВОВЕДЕ ВО ПРАВИЛНИКОТ РУРАЛЕН СТОМАТОЛОГ.
-ДА СЕ ЛИМИТИРА ГОРНАТА ГРАНИЦА НА ИСПЛАТА ВО ТИМ ДО 120 000 ОД СРЕДСТАВАТА НА ФЗО
-НАЈНИСКА ИСПЛАТА ЗА ТИМ КОЈ РАБОТИ ВО МРЕЖАТА И ИМА ДОГОВОР СО ФЗО ДА ИЗНЕСУВА 50 000 ДЕН.
ДА СЕ УТВРДИ НАЈНИСКА СУМА НА НАДОХНАДА НА ПЛАТА ПРИ ПОДОЛГО ОТСУСТВО ОД РАБОТА
-УРЕДБА НА МРЕЖАТА НАМЕСТО 1 ТИМ НА 1000 ЖИТЕЛИ ДА БИДЕ 1 ТИМ НА 1000 ОСИГУРЕНИЦИ.
КАКО ДЕЛ ОД РАБОТНАТА ГРУПА САКАМЕ ДА НАПОМЕНЕМЕ ДЕКА ВО ОДНОС НА ПОСЛЕДНАТА ТОЧКА ЗА УРЕДБА НА МРЕЖАТА БЕВМЕ ПРОТИВ ДА БИДЕ 1 ТИМ НА 1000 ОСИГУРЕНИЦИ СО ШТО БИ СЕ ДАЛО ШАНСА НА МЛАДИТЕ ДОКТОРИ КОИ ОТВАРААТ ОРДИНАЦИИ ДА БИДАТ ВО МРЕЖА И ДА СКЛУЧАТ ДОГОВОР СО ФЗО.
ИСТО ТАКА САКАМЕ ДА НАПОМЕНЕМЕ ДЕКА ИАКО СЕ ДОГОВОРИВМЕ НА ЕДЕН ОД РАБОТНИТЕ СРЕДБИ ДА НЕ СЕ ИЗНЕСУВААТ ЗАКЛУЧОЦИ НА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ ЗА ШТО ПОСТОИ И ЗАПИСНИК СЕПАК ОД ЗПЗСУ НЕ ГО ИСПОЧИТУВАА И ОБЈАВИЈА ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ПОСЛЕДНИОТ СОСТАНОК КОЕ НЕ КОРЕСПОНДИРА СО СЕТО ОНА ШТО ТРЕБА ДА ВЛЕЗЕ ВО ЗАПИСНИКОТ ОД 13.12.2019 КОЈ СЕ УШТЕ НЕ Е УСВОЕН.
ВО ОДНОС НА КОНЕЧНИОТ СТАВ КАКО ЧЛЕНОВИ НА РАБОТНА ГРУПА ОД СКМ СЕ СЛОЖУВАМЕ ДЕКА ОВОЈ МОДЕЛ НА ФИНАНСИРАЊЕ ИМА НЕДОСТАТОЦИ НО САМАТА РАБОТНА ГРУПА КОЈА Е ФОРМИРАНА ИМА ЗА ЦЕЛ ОПШТИОТ ЗАКЛУЧОК ДА ГО ПРЕНЕСЕ ДО НАДЛЕЖНИТЕ ИНСТИТУЦИИ КАДЕ ЌЕ ПОДЛЕГНЕ НА ПРЕДМЕТ НА АНАЛИЗА А ДЛУКАТА ДАЛИ ЌЕ ИМА ПРОМЕНА НА МОДЕЛОТ НА ФИНАНСИРАЊЕ Е ПОЛИТИЧКА.А ДЕКА СЕПАК ТРЕБА ДА СЕ ПОДОБРИ СТАТУСОТ НА ДОКТОРОТ СТОМАТОЛОГ СЕ СОГЛАСУВАМЕ.

**Д-р Борче Стојанов**, со остра критика према ЗПЗСУ, за кои кажа дека нивниот однос на состаноците во министерството како дел од работната група покажале непочитување спрема Комората, и дека тие се однесуваат и како да не постои воопшто Стоматолошката комора на Македонија. **Д-р Денковски** упати едно прашање до претставниците на оваа работна група во врска со предлогот на д-р Дафина Богеска, за тоа како го коментирала работната група во Министерството, имајќи предвид дека д-р Богеска праќала барања во име на работната група до Министерството! **Д-р Денковски** и **д-р Стојанов** го осудија таквото однесување на д-р Дафина Богеска, и притоа нагласија дека таа не е овластен претставник на работната група и во име на работната група од Комората да бара податоци ! **Д-р Денковски** објасни дека не може никој кој не е овластен, да бара превземање на регистерот и да бара во име на работна група формирана од Министерството. Тој кажа дека официјално ќе бараат од работната група, особено од правникот на Министерството за здравство, Ангелина Бачановиќ, да дадат објаснување, по кој основ она-д-р Дафина Богеска се претставува во име на работната група-овластен барател за лични податоци на докторите и **Д-р Денковски** бараше од претседателот не примарната комисија, записнички да влезе прашањето за тоа како смее д-р Дафина Богеска да се претставува во има на работната група. **Д-р Борче Стојанов** по однос на овој проблем, истакна дека тој како претстедател на примарната комисија има право да бара, а не д-р Дафина Богеска која е член на истата Комисија, и дека во врска со ова ќе реагираат. Тој понатаму објасни дека на состанокот како негов личен став кажал дека мрежата не треба да се чепка, затоа што им оневозможуваме на младите колеги да се приклучат и извести дека заклучок на групата е сите записници од работната група да се пратат кај министерот и после тоа министереот ќе се признесе во врска со тоа. Како заклучок на ова, **д-р Денковски**, кажа дека моделот на д-р Дафина Богеска и платформата на д-р Милан Камчев и манупулацијата со членството водат до приватизација на стоматологијата за која не верува ни дека членовите на Комората кои ја „подржуваат „ , се согласуваат со тоа. **Д-р Оливер Манасиев** истакна дека, истите тие што праќаат такви барања без никакво овластување, прават опструкции внатре во комисиите на СКМ, причина поради која на 26-ти декември ќе биде на дневен ред и тоа, односно менување на членови на Комисии.
Ставот на ИО за ваков вид на барања е дека по закон ги води само Комората, не поединци!

**Д-р Денковски** ги информираше присутните дека планира од 1-ви февруари 2020 година средбите на регионалните одбори да ги свикува Комората преку смс-пораки. Тој смета дека на тој начин ќе се презентира вистината до сите членови на СКМ, а не како што сакаат некои поединци што манипулираат со колегите.

Во врска со стручниот надзор, **д-р Денковски** со забелешка за д-р Касапи, д-р Селими и д-р Ферати кои до 15-ти декември 2019 година им бил рокот да завршат со стручниот надзор. Д-р Денковски нагласи дека може да не казнат од Министерство, затоа што по закон до нова година треба да се заврши комплетно стручниот надзор. **Д-р Касапи** објасни дека за регионот на Чаир стручниот надзор е завршен .

Во продолжение на состанокот, членовите на ИО беа известени од страна на претседателот на СКМ и претседателот на Собранието на СКМ за следната седница на Собранието на СКМ, која е закажана на 26-ти декември 2019 година од 13.30 часот, а од 15.30 часот е организиран коктел по повод новогодишните празници. Предлог на **д-р Касапи** беше наредната година, седницата на Собранието на СКМ да биде организирано до 15-ти декември, а не да биде закажана речиси крајот на месецот, имајќи предвид дека пред нова година докторите имаат повеќе ангажмани на работните места на што беше одговорено дека се чекаше на официјализирање на некои активности и затоа и собранието „доцни„.

**3. Разно**

По точка разно, збор зема **д-р Топузовски** кој го претстави својот проблем со запишувањето на пациенти од страна на Стоматолошки клинички центар. Тој додаде дека не е во ред да се праќаат пациенти од ординации со упат за некаква услуга на Клиника и тие да им ги превземат пациентите. Освен тоа, д-р Топузовски нагласи дека на Клиника нема МојТермин за закажување прегледи. **Д-р Денковски** на оваа забелешка на д-р Топузовски одговори дека неколку пати е прашано во ФЗО и Министерството за здравство и одговорот е дека е тоа политичка одлука за која сите креваат раменици , но и не го решеваат проблемот , па затоа предложи да се прати допис и официјално да се обратиме до ФЗО и Министерство.

По точка разно зборуваше и **д-р Гагалески** во врска со уредбата на мрежа на здравствени установи од 12.06.2012 година, кој како што кажа е сеуште на сила, и го цитираше член 2 и член 3. Д-р Гагалески читаше како следно во текстот-Член 2 пишува: еден стоматолошки тим на 1000 жители, член 3: по специјалности- максилофацијана хирургија на 200.000 жители, протетичари на 75.000 жители, ортодонти на 8.000 жители, орална хирургија на 100.000 жители, ендодонти на 200.000 жители и орална патологија 200.000 жители. **Д-р Денковски** истакна дека податоците што ги прочита **д-р Гагалески** не се повеќе важечки затоашто се променети со Одлука на Владата летово , по што имаше дискусија околу тоа дали таа уредба е сеуште важечка и **Др Денковски** истакна дека тоа и ќе се покаже за некое време по што **Д-р Касапи** предложи документот, односно таа одлука за измена на уредба да му се прати по мејл на д-р Гагалески.

**Д-р Фисник Касапи** ги информираше присутните дека од 20-22 мај 2020година ќе има конгрес за имплантологија на во Хотел Хилтон, организирано заеднички од МСД, СДА и Европската асоцијација. **Д-р Денковски** со пофални зборови за уредното барање за акредитација на конгресот, кажа дека сите барања за акредитација треба да бидат направени по тој пример.

Записничар

**Флорентина Кајоли**

Претседател на Извршен одбор на СКМ

**Д-р Мирлинд Селими**

Стоматолошка комора на Македонија СКОПЈЕ